MQS
Бр./Nr 09-1494/2
28-05-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1494/1 од 03.03.2020 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1494/1 од 03.03.2020 година, бидејќи во истиот нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси.

Предметот со број 09-1494/1 од 03.03.2020 година година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1494/1 од 03.03.2020 година е оформен врз основа доставена пријава од вработени во Факултетот за ----------- во која е наведено дека на Факултетот за ------------ е вработен синот на проф. Д-р -----------, член на Универзитетскиот сенат.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, констатира дека во истата нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон, односно нема општи наводи не е наведено името и работното место на лицето за кое се тврди дека е вработено на Факултетот за --------------, а бидејќи станува збор за анонимна пријава, Државната комисија не може да бара допрецизирање на истата.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК
Изработил: м-р Станка Милановска
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TE KORRUPSIONIT Shkup

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk